За застапеност на мерките за заштита и спасување за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градба со намена Г4.1 – дистрибутивни центри со складишта на КП 544/1 КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари, со тех.бр. 115-2909/2025 од Струмица, Јули, 2026, Место: КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари, Нарачател: ДУТ "Фреско Маркет" ДООЕЛ Арачиново, Извршител: Друштво за проектирање, градежништво, инженеринг и други деловни активности ВЕКТОР 90 Томе ДООЕЛ Струмица.**

Подрачното одделение за заштита и спасување Чаир од извршениот увид на поднесената проектна документација за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градба со намена Г4.1 – дистрибутивни центри со складишта на КП 544/1 КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари, со тех.бр. 115-2909/2025 од Струмица, Јули, 2026, Место: КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари, Нарачател: ДУТ "Фреско Маркет" ДООЕЛ Арачиново, Извршител: Друштво за проектирање, градежништво, инженеринг и други деловни активности ВЕКТОР 90 Томе ДООЕЛ Струмица**, констатира дека мерките за заштита и спасување во документацијата се соодветно вградени, врз основа на што Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачното одделение за заштита и спасување Чаир дава **позитивно мислење.**

Доставено до: насловот, архива

Припрема
Јетон Шаќири

Раководител
Светлана Спасовска

ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ
Бр 08-2640
05.08 2026 год.
СКОПЈЕ

ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА

ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје

До
ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ
Ул.Хаџи Јован Шишко бр.36
1000 Скопје

Одделение за надзор, проектирање и развој на дистрибутивни системи

ул. "Лондонска" бр. 8, 1000 Скопје
Телефон: +389 2 5514-027
Факс: +389 2 5514-040

ПРЕДМЕТ: Одговор на барањето на мислење за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градба со намена Г4.1 - дистрибутивни центри со складишта на КП бр. 544/1 КО Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари.

ВРСКА: Ваш број 10-31/5 од 31.07.2026

Наш број 08-2608 од 04.08.2026

Почитувани,

Во врска со вашиот допис за барање на мислење (**Член 58 став 6** - Постапка **81570**) за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градба со намена Г4.1 - дистрибутивни центри со складишта на КП бр. 544/1 КО Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари, согласно приложената документација која е доставена на увид на системот Е-урбанизам ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ-Скопје констатира дека **НЕ ПОСТОИ ДИСТРИБУТИВНА МРЕЖА** со која управува и е надвор од мрежно покривање.

Заклучок: Според приложената документација и извршениот детален увид во истата **МОЖЕ** да се даде позитивно мислење за предметниот УП.

Со почит,

ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ – Скопје

Изработил:

Дарко Мајсторски
Одговорен инженер за ГИС и катастар

Одобрил:

ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ

Ивица Стеваноски
Раководител на одделение за надзор, проектирање и развој на дистрибутивни системи

Проверил:

Кирил Џиџишев
Машински проектант

Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
Вр. 11-42691/1
28 -07- 2026
Скопје

До: Друштво за проектирање, градежништво, инженеринг и други деловни активности ВЕКТОР 90 Струмица

Скопје, 27.06.2026год.

Предмет: Податоци и информации

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на податоци и информации од општини/институции поднесено преку системот Е-Урбанизам со број на постапка 81570 креирано на 02.07.2026 година и наслов Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градба со намена Г4.1 - дистрибутивни центри со складишта на КП бр. 544/1 КО Горно и Долно Оризари , општина Шуто Оризари доставено до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Ве известуваме дека во предметното подрачје на опфатот кој е доставен до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, **немаме** постојни подземни/надземни инсталации но во непосредна близина на предметното подрачје на опфатот **имаме** постојни подземни инсталации.

Во прилог Ви доставуваме податоци за постојни надземни инсталации во електронска форма во DWG формат.

Напомена: Доколку има потреба од дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура, планерот е должен да постави новопланирана траса во рамките на експропријационата линија во консултација со сопственикот на постоечката инфраструктура - А1 Македонија ДООЕЛ Скопје. Трошоците за дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура ги сноси инвеститорот на проектот.

Лице за контакт:
Стефан Крстев тел. 077/772-959

Срдечен поздрав,

За А1 Македонија ДООЕЛ Скопје,
Стефан Крстев
Постар Специјалист за дизајн и планирање на мрежа

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1.ВОВЕД

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градба со намена Г4.1 - дистрибутивни центри со складишта на дел од КП бр. 544/1 КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари врз основа на просторните можности на локацијата, постојната состојба, Ажурираната геодетска подлога, Проектната програма, Одредбите кои произлегуваат од изводот од Просторниот план на РМ, како и потребите на Нарачателот.

Изготвувањето на проектот ќе се врши во согласност со член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/2020, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

Цел на урбанистичкиот проект е урбанизација на парцелата **ГП1** со дефинирање на сите архитектонско-урбанистички параметри за изградба во границите на утврдена градежна парцела, за понатамошна изработка на Основни проекти, врз основа на актуелната законска регулатива.

2. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Границите на предметниот проектен опфат се совпаѓаат со границите на катастастарска парцела КП бр. 544/1 КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари.

Катастарска парцела се води како земјоделско земјиште V класа, и е во сопственост на Нарачателот.

Во графичките прилози границата на проектниот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки од дефинираниот опфат.

Урбанистичкиот проект се работи на ориентирана Ажурирана геодетска подлога од која се исчитуваат координатите на границите на проектниот опфат.

Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 6123,95 m^2.

3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО ВО БЛИЗИНА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Предметниот проектен опфат не бил предмет на уредување и планирање.

Според усвоената Проектна програма, Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план се изработува врз основа на одредбите од Условите за Планирање на просторот и барањата на Инвеститорот.

Составен дел на документационата основа се добиените Услови за планирање како и Решението за услови за планирање на просторот.

4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ

Предметната локација се наоѓа во КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари на терен во пад на надморска височина од 322-328 м.

4.1 Микроклима

Ова подрачје е под влијание на континентална средоземна клима. Тука се судруваат континенталната клима од север и медитеранската од југ, чие влијание е ослабено. Основни карактеристики се остри и влажни зими како и суви и жешки лета.

Теренот е изложен на западниот и западно југозападниот ветар. Со најголема честина е западниот ветар.

Температурите на воздухот се со идентични вредности во целото Скопско Поле, минимални се во јануари, а максимални во јули со тоа што поради поголемата проветреност маглите се појавуваат просечно околу 22 денови и се карактеристични утринските мразеви до крајот на април. Просечната годишна температура изнесува 12,7°C, просечната годишна максимална температура 18,1°C, а минималната 7,1 °C.

Вкупните просечни годишни врнежи се движат околу 446,4 mm со максимум во ноември мај и јуни. Сушниот период трае од јули до септември со честа појава на сушни периоди подолги од 60 дена. Просечен број на ведри денови во текот на годината има 83, тмурни денови 91. Релативната влажност на воздухот изнесува 67%.

4.2 Релјефни (морфолошки карактеристики

Геолошкиот состав на Скопската Котлина се карактеризира со следните почвени типови: алувијални, делувијални, ливатско-блатни и засолени почви во рамничарските терени, комплекс на циметни почви на ридчестите терени и рендзините на планинскиот масив на Водно, а кафеавите шумски почви се застаени на падините на Скопска Црна Гора на надморска висина над 600 метри. Ваквиот геолошки состав е изразито поволен за земјоделие, а според физичко-механичките својства и за изградба на објекти.

4.3 Сеизмолошки карактеристики

Подрачјето на градот Скопје се наоѓа во Вардарската сеизмогена зона која е дефинирана со најмобилната тектонска единица во Балканскиот регион – Вардарската зона.

Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа на границата на зоната изложена на потреси од 8 до 9° по Меркалиевата скалата.

4.4 Хидролошки карактеристики

Просторот на кој се предвидува изградба на градба со намена Г4.1 - дистрибутивни центри со складишта на КП бр. 544/1 КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари се наоѓа во ВП “Скопје” кое го опфаќа сливот на реката Вардар од водомерниот профил “Радуша” до вливот на река Пчиња. На ова ВП припаѓаат сливовите на Маркова Река, Кадина Река, Лепенец и Серава.

Друг значаен ресурс се подземните води кои најчесто се одликуваат со висок квалитет и може да имаат големо значење во покривањето на потребите од вода, но потребно е нивно дополнително истражување. Како посебен вид на подземни води се издвоени наоѓалиштата со термални, термоминерални и минерални води од кои во регионот на ВП „Скопје” со значаен квалититет и капацитет се забележани на просторот Волково-Скопје-Катланово.

5. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ

5.1 Инвентаризација на земјиштето во проектниот опфат, изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и инсталации во рамки на проектниот опфат.

Во моментот на парцелата не се регистрирани градби и предметната катастарска парцела се води како земјоделско земјиште V класа.

Теренот е во пад во правец север-југ , на надморска височина од 322-328 м.

5.2. Инвентаризација на градби со режим на заштита на културното наследство , постојни споменички целини културни предели.

Во границите на проектниот опфат не постојат регистрирани градби од културно наследство односно не се евидентирани археолошки наоѓалишта..

5.3 Инвентаризација на комуналната инфраструктура

Во непосредна близина на проектниот опфат јужно од парцелата минува државниот пат: автопат „А2 - северна скопска обиколница“ .

На северната граница на проектниот опфат минува асфалтен локален пат од кој се обезбедува сообраќаен пристап во парцелата.

На исток и запад проектниот опфат граничи со земјоделско земјиште.

Побарани се податоци од надлежните институции за конкретниот опфат, и добиените податоци се прикажани во графичкиот прилог на оваа проектна документација.

Според податоците добиени од ЕВН покрај постоечкиот асфалтиран пат на север минува среднонапонски 10(20) кV подземен електричен вод, за кој се предвидува заштитен појас од 1м од двете страни на водот.

Според податоците добиени од АЕК Скопје , Македонски Телеком и А1 ,постои изведена подземна кабловска комуникациска мрежа од оптички и бакарни кабли.со траса прикажана во графичките прилози.

Планер,
Васил Тимов д.и.а.

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за животна средина и просторно планирање
Ministria e Mjedisit
Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Бр. - Nr 15-1049/2
15.04.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. 15-1049/2
Дата/Data: _____

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Bazuar në nenin 42, paragrafi (1) dhe paragrafin (9) të Ligjit për planifikim urban ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 dhe 127/25), dhe në lidhje me nenin 4, paragrafi (3) të Ligjit për zbatimin e planit hapësinor të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 39/04), Ministri i Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor miratoi:

РЕШЕНИЕ
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Шуто Оризари се издаваат Услови за планирање на просторот со намена дистрибутивни центри со складишта на КП 544/1, КО Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари.

Површината за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 0,61ha.

Во близина на планскиот опфат се наоѓа траса на издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.: Y00307 – Урбанистички проект за обиколница Скопје од км 0+0+000 до км 25+289.

Планскиот опфат се наоѓа во границите на заштитна зона на аеродром Стенковец.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање на просторот треба да представуваат влезни параметри и насоки при

AKTVENDIM
për Kushtet e Planifikimit Hapësinor

1. Me këtë Aktvendim Komunës së Shuto Orizarit i jepen Kushte për planifikimin e hapësirës me destinim qendra distributive me depo në KP 544/1, KK Orizari I Epërm dhe i Poshtëm, Komuna e Shuto Orizarit.

Sipërfaqja për të cilën lëshohen kushtet për planifikimin e hapësirës është 0,61 ha.

Në aferisi të përfshirjes planore ndodhet traseja për të cilën janë lëshuar Kushtet për planifikimin e hapësirës me nr. teknik: Y00307 – Projekt urbanistik për unazën e Shkupit nga km 0+000 deri në km 25+289.

Përfshirja planore ndodhet brenda kufijve të zonës mbrojtëse të aeroportit Stenkovec.

Lloji i dokumentacionit planor duhet të jetë në përputhje me Ligjin për Planifikim Urbanistikë dhe Rregulloren për Planifikim Urbanistik.

Kushtet për planifikim hapësinor duhet të paraqesin parametra hyrës dhe udhëzues për

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Просвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetesor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Prosveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладност со Просторниот план на Република Македонија.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. У03326 се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот со намена дистрибутивни центри со складишта на КП 544/1, КО Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот План е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. **Планскиот опфат зафаќа земјоделско земјиште од 5-та бонитетна класа.**

5. Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25).

planifikimin hapësinor dhe vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve të planifikimit në të gjitha fushat që kanë të bëjnë me planifikimin hapësinor në dokumentin përkatës planor, në pajtim me Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

2. Kushtet për planifikim hapësinor nga pika 1 e këtij Aktvendimi, të përgatitura nga Agjencia e Planifikimit Hapësinor me nr. teknik. U03326 janë një pjesë përbërse e Aktvendimit.

3. Kushtet për planifikimin e hapësirës me destinim qendra distributive me depo në KP 544/1, KK Orizari i Epërm dhe i Poshtëm, Komuna e Shuto Orizarit, përmbajnë dispozita të përgjithshme dhe të veçanta, udhëzime dhe zgjidhje dhe vëzhgime përmbyllëse me veprimtari obligative nga dokumentacioni planor i nivelit më të lartë dhe shtojca grafike që paraqesin Ekstrakt nga plani.

4. Ndër përcaktimet prioritare të Planit Hapësinor është mbrojtja e tokës bujqësore, e veçanërisht organizimi i rreptë i transformimit të tokës nga klasa klasifikuese prej I-IV për përdorim jo bujqësor, si dhe ruajtja e cilësisë dhe pjellorisë natyrore të tokës. **Fushëveprimi i planifikimit mbulon tokën bujqësore të klasës së 5-të të bonitetit.**

5. Miratuesi ose hartuesi që përgatit dokumentacionin e planifikimit është i detyruar të marrë të gjitha të dhënat që rrjedhin nga masat e përgjithshme dhe të veçanta për mbrojtjen e mjedisit, natyrës dhe ujërave për shtrirjen specifike dhe për zonat fqinje që kufizohen me objektin planor, e që janë të nevojshme për zhvillimin e planit urbanistik ose projektit urbanistik, në pajtim me nenin 47 të Ligjit për planifikim urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 dhe 127/25).

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација со намена дистрибутивни центри со складишта на КП 544/1, КО Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

6. Gjatë sjelljes së vendimit për zbatimin ose vendimin për moszbatimin e vlerësimit strategjik të dokumentacionit për zonën në fjalë me destinim qendra distributive me depo në KP 544/1, KK Orizari i Epërm dhe i Poshtëm, Komuna e Shuto Orizarit, është e detyrueshme të merren parasysh udhëzimet për nevojën e kryerjes së një Vlerësimi Strategjik të ndikimit në mjedis, si dhe vërejtjet dhe konkluzionet e zonave sektoriale të përfshira në Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Шуто Оризари, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 77795 од 05.02.2026 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена дистрибутивни центри со складишта на КП 544/1, КО Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари.

Согласно член 42, став (8) од истоименот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена дистрибутивни центри со складишта на КП 544/1, КО Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. 15-1049/2 од 02.03.2026 година.

Условите за планирање на просторот со намена дистрибутивни центри со складишта на КП 544/1, КО Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и

ARSYETIM

Komuna e Shuto Orizarit, në bazë të nenit 42, paragrafi (1) të Ligjit për Planifikim Urbanistikë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 dhe 127/25), ka paraqitur kërkesë përmes e -urbanizmit, me numër të procedurës UPP 77795 me datë 05.02.2026, Agjencisë për Planifikim Hapësinor për dhënien e Kushteve për planifikim hapësinor me destinim qendra distributive me depo në KP 544/1, KK Orizari i Epërm dhe i Poshtëm, Komuna e Shuto Orizarit.

Në bazë të nenit 42, paragrafi (8) të ligjit me të njëjtin emër, Agjencia e Planifikimit Hapësinor ka përgatitur Kushtet për Planifikim Hapësinor me destinim qendra distributive me depo në KP 544/1, KK Orizari i Epërm dhe i Poshtëm, Komuna e Shuto Orizarit dhe i ka dorëzuar Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor me nr. 15-1049/2 nga 02.03.2026.

Kushte për planifikimin e hapësirës me destinim qendra distributive me depo në KP 544/1, KK Orizari i Epërm dhe i Poshtëm, Komuna e Shuto Orizarit, paraqesin parametra dhe udhëzime hyrëse në planifikimin e hapësirës dhe vendosjen

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

e koncepteve dhe zgjidhjeve planifikuese në të gjitha fushat relevante për planifikimin e hapësirës.

Konkluzat përmbyllëse, të përcaktuara në Kushtet e Planifikimit Hapësinor që dalin nga Plani Hapësinor i Republikës së Maqedonisë, paraqesin aktivitete të detyrueshme në proçesin e planifikimit të mëtutjeshëm hapësinor.

Në bazë të asaj që u cek më lartë u vendos si në dispozitiv të këtij vendimi.

UDHËZIM JURIDIK: Kundër këtij Aktvendimi për kushtet e planifikimit të hapësirës, mund të ngrihet një padi administrative përpara gjykatës kompetente brenda 15 ditëve nga pranimi i Aktvendimit.

МИНИСТЕР/ Ministër
Muamet Hoxha

Изработил/Përpiloi: Raif Sulejmani, советник / këshilltar
Контролирал/Kontrolloi: Дејан Гаџовски, раководител на одделение / udhëheqës njësie
Одобрил:/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор / udhëheqës sektori

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Просвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapesinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Prosveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk



УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена дистрибутивни центри со складишта на КП 544/1, КО Горно и Долно Оризари ,

ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y03326

Скопје, февруари 2026

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена дистрибутивни центри со складишта на КП 544/1, КО Горно и Долно Оризари ,

ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Шуто Оризари

Тех.бр. Y03326

Раководител на задачата:
Владимир Кузмановски, д.ек

Раководител на сектор за просторно планирање:
д-р Душица Трпчевска Анѓелковиќ, д.и.а.

Агенција за планирање на просторот

Директор

_____

Александар Гелевски, д.и.а.

Скопје, февруари 2026

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена дистрибутивни центри со складишта на КП 544/1, КО Горно и Долно Оризари ,

ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија", број 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје, како и со **урбанистички планови за населените места** и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон.

За изработка и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава Решение за Услови за планирање на просторот.

Условите за планирање на просторот се со намена дистрибутивни центри со складишта на КП 544/1, КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари.

Површината за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 0,61ha.

Во близина на планскиот опфат се наоѓа траса на издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.: Y00307 – Урбанистички проект за обиколница Скопје од км 0+0+000 до км 25+289.

Планскиот опфат се наоѓа во границите на заштитна зона на аеродром Стенковец.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Основни определби на Просторниот план на Република Македонија


Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира *намалување на регионалните диспропорции*, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура. Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локациониte, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I - IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина. Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Општинска граница

Катастарска граница

Обиколница-Y00307

Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Услови за планирање на просторот во КО Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари. Предметната локациија се наоѓа северно од населено место Горно Оризари на надморска височина од 380-420 метри.

Геотектонски и инженериско-геолошки карактеристики

Од тектонски аспект, Скопската Котлина претставува депресија, ограничена од сите страни со ридски и планински терени кои се изградени од карпи со различна старост, почнувајки од камбриум па се до неоген. За разлика од нив, самата депресија е изградена од неогено-квартерни седименти, при што од неогени седименти се изградени ритчестите терени во депресијата, а од квартерните седименти се изградени алувијалните и алувијално-пролувијалните наслаги по течението на Вардар и нејзините притоки.

Скопското епицентрално подрачје припаѓа на Вардарската сеизмогена зона која е дефинирана со најмобилната тектонска единица во Балканскиот регион - Вардарската зона, во која што алпските орогени процеси биле многу изразити, а истите продолжуваат и во неотектонската етапа.

Скопското епицентрално подрачје се наоѓа во зоната на вкрстување на раседите од Вардарски правец и од правец исток-запад. Овие раседи доминантно се карактеризираат со вертикално, меѓутоа и хоризонтално поместување од лева насока. Епицентралното подрачје Скопје е формирано во геодинамички услови на компресија од исток-североисток и дилатација долж правецот север-северозапад. Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа на границата на зоната изложена на потреси од 8 до 9^0 по Меркалиевата скала.

Клима

Ова подрачје е под влијание на континентална **средоземна клима**. Тука се судруваат континенталната клима од север и медитеранската од југ, чие влијание е ослабено. Основни карактеристики се остри и влажни зими како и суви и жешки лета.

Теренот е изложен на западниот (W) и западно југозападниот (WSW) ветар. Со најголема честина е западниот ветар од 180‰ и со брзина од 2,6m/s, па западно југозападниот (WSW) ветар со честина од 123‰ и со брзина од 2,7m/s, северозападниот (NW) со честина од 120‰ и брзина од 4,2m/s, западно северозападниот (WNW) 112‰ и брзина од 3,0m/s, источен југоисточен (ECE) 84‰ и брзина од 2,8m/sek, север северозапад (NNW) 80‰ и брзина од 3,7m/s, југоисточен 62‰ и брзина од 2,2m/s и источниот со честина од 41‰ и брзина од 2,8m/s. Другите правци се со помала честина, а најмала е тишината со 7‰. Температурите на воздухот се со идентични вредности како во целото Скопско Поле, минимални се во јануари, а максимални во јули со тоа што поради поголемата проветреност маглите се појавуваат просечно околу 22 денови и се карактеристични утринските мразеви до крајот на април. Просечниот атмосверски притисок на годишно ниво изнесува 981,4HPa. Вкупните просечни годишни врнежи се движат околу 446,4mm со

максимум во ноември мај и јуни. Сушниот период трае од јули до септември со честа појава на сушни периоди подолги од 60 дена. Просечен број на ведри денови во текот на годината има 83, а тмурни денови 91. Релативната влажност на воздухот изнесува 67%.

Просечна годишна температура изнесува 12,7^{0}C, просечната годишна максимална температура 18,1^{0}C, а минималната 7,1^{0}C. Апсолутно максимална температура е измерена на 24.07.2007год. и изнесувала 43,4^{0}C, а апсолутно минимална температура изнесувала -21^{0}C на 13.01.1985год.

Податоците се од мерна станица Зајчев Рид.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на производните и услужни дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во “Националната стратегија на економскиот развој”, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на економските дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на економските дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Скопје со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот. Со Просторниот план на Р.Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за Општината на чиј простор припаѓа планскиот опфат за кој се наменети Условите за планирање е развојната оска “Север-Југ” која минува по средината на територијата на земјата. Таа го следи од Скопје на југ течението на реката Вардар. Формирана е историски во текот на целиот XX век, па и порано, а на југ, преку границата стигнува до Солун. По Првата светска војна таа продолжи и на север, па се спои со оската по течението на реката Морава. Денес, на територијата на земјата ги поврзува градовите: Куманово - Скопје - Велес - Неготино (и Кавадарци) - Демир Капија - Валандово - Гевгелија. На север од Скопје има и еден крак до Приштина. Какви промени и да се случат, во наредните децении оваа оска ќе остане главна.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со

што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, **заштита на природните и создадени ресурси и богатства**, сообраќајно и информатичко поврзување, **локациона флексибилност** и почитување на објективните фактори на развојот.

Реализацијата на документацијата дистрибутивни центри со складишта КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари ќе биде во функција на развој на економските активности во локалната економија. Меѓутоа, појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради

рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети;

– Примена на мерки за одржлив развој, кои подразбираат: поголема употреба на природни ѓубрива, контролирана употреба на вештачки ѓубрива во склад со потребата на растенијата односно врз основа на стручни анализи, употреба на т.н еколошки ѓубрива, примената на т.н. систем капка по капка.

Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Скопско-Кумановскиот земјоделско стопански реон со 14 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Согласно Просторниот план на РМакедонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Републиката е сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за „воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП „Полог", „Скопје", „Треска", „Пчиња", „Среден Вардар", „Горна Брегалница", „Средна и Долна Брегалница", „Пелагонија", „Средна и Долна Црна", „Долен Вардар", „Дојран", „Струмичко Радовишко", „Охридско - Струшко", „Преспа" и „Дебар".

Просторот на кој се предвидува изградба на згради од лесна градежна индустрија во КО Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари, се наоѓа во ВП „Скопје" кое го опфаќа сливот на реката Вардар од водомерниот профил „Радуша" до вливот на река Пчиња. На ова ВП припаѓаат сливовите на Маркова Река, Кадина Река, Лепенец и Серава. Со ова ВП сливот на реката Треска не е опфатен.

За искористување на хидроенергетскиот потенцијал на површинските водотеци во наредниот период во ова ВП се предвидува изградба на акумулациите Палиград и Гомалево на Кадина Река и Бразда на Кучевишка Река.

Друг значаен ресурс се подземните води кои најчесто се одликуваат со висок квалитет и може да имаат големо значење во покривањето на потребите од вода, но потребно е нивно дополнително истражување. Како посебен вид на подземни води се издвоени наоѓалиштата со термални, термоминерални и минерални води од кои во регионот на ВП „Скопје" со значаен квалитет и капацитет се забележани на просторот Волково-Скопје-Катланово.

Основна цел во управувањето со водите е континуирано обезбедување на потрошувачите со квалитетна вода. За иден изворник на вода во ова ВП се предвидува Хидросистемот „Скопско Поле" кој е повеќенаменски проект и ќе овозможи долгорочно обезедување на градот Скопје и населените места во регионот со вода за пиење, за индустријата, ќе обезбеди вода за наводнување на 19.600 ха обработливи површини во Скопско Поле, потоа ќе обезбеди заштита од поплави и енергетско искористување на водите од реките Треска и Кадина Река.

При обезбедувањето на потребните количини на вода за стопанскиот комплекс потребна е примена на мерки кои ќе овозможат квалитетно и економично водоснабдување, но истовремено и заштита на водите преку:

- Оформување и одржување на заштитни зони околу изворникот кој ќе се користи за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во заштитните зони (доколку за водоснабдување се користи независен изворник, односно стопанскиот комплекс не се приклучи на водоснабдиутелната мрежа на градот Скопје);
- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
- Рационално користење на водата преку примена на современи технички решенија во управувањето со системот за водоснабдување;

Доколку за водоснабдување се користат подземни води (бунари) динамиката на користењето да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со кои утврди квалитетот на водата и ќе се дефинира режимот на хранење на бунарот.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштита на подземните и површинските води. За да се заштитат површинските и подземните води од загадување со отпадни води потребно е стриктно да се спроведува „принципот на заштита на квалитетот на водите на самите извориштa на загадување" преку:

- Изградба на систем за прифаќање и третман на отпадните води;
- Отпадните води да се испуштат во реципиентот по соодветен третман, односно од како нивниот квалитет ќе биде доведен во согласност со "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Републиката. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Републиката над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрување на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значаен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Република досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на оваа документација на предметниот простор, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативние влијанија се следните:

- На просторот со намена дистрибутивни центри со складишта, КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари во рамките на предвидениот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација,

инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.

- На просторот со намена дистрибутивни центри со складишта, КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари ќе има и негативни влијанија врз животната средина, во текот на подготвителните активности заради реализацијата на земјените работи и употреба на градежна механизација. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.
- Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација се нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот. Мерки за заштита од овие влијанија се наведени во секторската област: заштита на животната средина.
- Неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Планскиот опфат нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- На просторот со намена дистрибутивни центри со складишта, КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на планската документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, културното наследство е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на планска документација потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- Со имплементацијата на документацијата на предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на предвидениот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор со намена дистрибутивни центри со складишта, КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- Државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- Енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- Градежните објекти важни за Државата;
- Капацитетите на туристичката понуда;
- Стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- Капацитетите за користење на природните ресурси.
- Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:
- Намената и користењето на површините;
- Мрежата на инфраструктура;
- Мрежата на населби;
- Заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се со намена дистрибутивни центри со складишта на КП 544/1, КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари.

Површината за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 0,61ha.

Во близина на планскиот опфат се наоѓа траса на издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр.: Y00307 – Урбанистички проект за обиколница Скопје од км 0+0+000 до км 25+289.

Планскиот опфат се наоѓа во границите на заштитна зона на аеродром Стенковец.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработка на предметната документација треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Економски основи на просторниот развој

- При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економските дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, **заштита на природните и создадени ресурси и богатства**, сообраќајно и информатичко поврзување, **локациона флексибилност** и почитување на објективните фактори на развојот.
- **Реализацијата на документацијата со намена дистрибутивни центри со складишта, КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари, ќе биде во функција на развој на економските активности во локалната економија. Меѓутоа, појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.**
- **Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.**

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**.

Предметната локација припаѓа на Скопско-Кумановскиот земјоделско стопански реон со 14 микрореони.

– При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

– Околу изворникот за водоснабдување на згради од лесна градежна индустрија да се оформат заштитни зони и да се дефинира режим на заштита во зоните;
– При обезбедувањето на потребните количини на вода за стопанскиот комплекс потребна е синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
– Со цел да се постигне рационално користење на водите при обезбедувањето на потребните количини на вода да се применуваат современи технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем;
– Доколку за водоснабдување се користат подземни води (бунари) динамиката на користењето да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со кои утврди квалитетот на водата и ќе се дефинира режимот на хранење на бунарот.
– Отпадните води да се испуштат во најблискиот реципиент по соодветен третман, односно од како нивниот квалитет ќе биде доведен во согласност со “Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води”.

Енергетика и енергетска инфраструктура

– **Локацијата со намена дистрибутивни центри со складишта, КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.**
– За новопредвидените градби потребно е да се обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

– **Иницијативата со намена дистрибутивни центри со складишта, КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост, повисок квалитет на услугите во окружувањето, како и уреденост на просторот доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и максимално почитување и вградување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина.**

Домување

- **Иницијативата за изградба на дистрибутивни центри со складишта, КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари, го подржува концептот, кој нуди квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој, а кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.**

Јавни функции

- **Предложената локација за изградба на дистрибутивни центри со складишта, КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари, поттикнува и охрабрува локални и приватни иницијативи, за изградба на нови содржини од областа на јавните функции кои ќе бидат во функција на стопанскиот развој.**

Сообраќајна инфраструктура

- **Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:**
- **А4 - (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија-ГП Ново Село);**
- **А2 - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан);**
- **Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта „Р2" и е со ознака:**
- **Р2239 –(Стенковец – врска со А2/А4-Бродец-Танушевци-граница со Косово);**
- **При изработка на планската документација од аспект на безбедноста во Патниот сообраќај, да се почитува релевантната законска регулатива од областа на Сообраќајот, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**
- **Предметната локација се наоѓа во заштитната зона на спортски аеродром Стенковец кој спаѓа во секундарната аеродромска мрежа. При изработка на планската документација од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај да се почитуваат важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- **Локацијата со намена дистрибутивни центри со складишта, КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.**
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена дистрибутивни центри со складишта, КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Уредување на просторот со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, предметниот простор со намена дистрибутивни центри со складишта, КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство..**
- Доколку при изработка на документацијата на предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарската општина Горно и Долно Оризари има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Скопско - Кумановски туристички регион со 8 туристички зони и 17 туристички локалитети и е дел од простори коишто имаат меѓународно туристичко значење.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот со намена дистрибутивни центри со складишта, КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари, се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Согласно Просторниот План на Република Македонија, локацијата со намена дистрибутивни центри со складишта, КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари се наоѓа во потенцијална зона на свлечишта. Доколку на предметната локација се потврди веројатноста за настанување на свлечишта, да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно законската регулатива.**
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до IX степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за

[2] **МАНУ Скопје, 1996г.**

постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор со намена дистрибутивни центри со складишта, КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:


- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

Образование
- Средно
- Вишо
- Високо

Здравствена заштита
- 2 Секундарна
- 3 Терцијална

Оски на развој
- источна
- јужна
- север-југ
- северна
- западна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани
- Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



АСТРА ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ

ТЕРЕНСКА СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ
КО Горно и Долно Оризари



ЛЕГЕНДА:

- Граница на проектен опфат
- Постојна катастарска евиденција
- Податоци прибрани со премерот
- Шахта
- Каналетка
- Асфалтирана улица
- Ѕидана ограда
- Жичана ограда

КООРДИНАТИ НА ПРЕКРШОЧНИ ТОЧКИ НА ПРОЕКТНЕН ОПФАТ:

T1: X=7535139.3200 Y=4656737.9600
T2: X=7535089.3900 Y=4656742.2500
T3: X=7535039.2700 Y=4656749.5700
T4: X=7535051.6400 Y=4656733.7900
T5: X=7535062.2700 Y=4656705.2600
T6: X=7535062.6200 Y=4656680.8800
T7: X=7535068.1000 Y=4656667.7500
T8: X=7535078.1300 Y=4656665.8700
T9: X=7535097.5300 Y=4656664.1600
T10: X=7535118.8000 Y=4656662.2800
T11: X=7535134.6500 Y=4656661.3800

Планер:
ДПГИ "ВЕКТОР 90"Томе ДООЕЛ
Струмица ул."Ленинова" бр. 12 Тел/факс (034) 331 210 mail:info@vektor90.com.mk

НАСЛОВ НА ПЛАНОТ: **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градба со намена Г4.1 - дистрибутивни центри со складишта на дел од КП бр. 544/1 КО Горно и Долно Оризари , општина Шуто Оризари**

НАРАЧАТЕЛ: **ДУТ "Фреско Маркет"дооел Арачиново**

МЕСТО: **КО Горно и Долно Оризари , општина Шуто Оризари**

ПОДРАЧЈЕ НА ПЛАНСКИ ОПФАТ:
КП бр. 544/1 КО Горно и Долно Оризари , општина Шуто Оризари


СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ:
АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

Вектор 90 - Томе дооел
лиценца за изработка на урбанистички планови бр. 0033
ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР:
ВАСИЛ ТИМОВ д.и.а.
Овластување бр. 0.0582

СОРАБОТНИК:	Ива Влахова д.и.а.	ТЕХ. БРОЈ: **115-2909/2025**	РАЗМЕР: 1:1000	Лист бр. 1
МЕСТО И ДАТУМ:	Струмица; Август, 2026			

Место и дата :
Скопје, 25.09.2025

Изготвил :
Звонко Петровски дипл.геод.инж.



ЛЕГЕНДА:

- **ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ**
- 660 **БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА**
- **АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА**
- **ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ - ПЕТТА КЛАСА**
- **АСФАЛТИРАН ПАТ**
- **АВТОПАТ**

Планер:


ДПГИ "ВЕКТОР 90"Томе ДООЕЛ

Струмица ул."Ленинова" бр. 12 Тел/факс (034) 331 210 mail:info@vektor90.com.mk

НАСЛОВ НА ПЛАНОТ:	**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градба со намена Г4.1 - дистрибутивни центри со складишта на дел од КП бр. 544/1 КО Горно и Долно Оризари , општина Шуто Оризари**
НАРАЧАТЕЛ:	**ДУТ "Фреско Маркет"дооел Арачиново**
МЕСТО:	**КО Горно и Долно Оризари , општина Шуто Оризари**
ПОДРАЧЈЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ: **КП бр. 544/1 КО Горно и Долно Оризари , општина Шуто Оризари**	СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ: **ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА**

Вектор 90 - Томе дооел
лиценца за изработка на урбанистички планови бр. 0033
ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР:
ВАСИЛ ТИМОВ д.и.а.
Овластување бр. 0.0582

СОРАБОТНИК:	Ива Влахова д.и.а.	ТЕХ. БРОЈ: **115-2909/2025**	РАЗМЕР: 1:500	Лист бр. 2
МЕСТО И ДАТУМ:	Струмица; Август, 2026			



ЛЕГЕНДА:

- **ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ**
- 660 **БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА**
- **АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА**
- **АСФАЛТИРАН ПАТ**
- **АВТОПАТ**

ПОСТОЕЧКА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА:

- **ПОДЗЕМЕН 10(20)kV ЕЛЕКТРИЧЕН ВОД СО ЗАШТИТЕН ПОЈАС 2x1 m**
- **ПОДЗЕМЕН 0.4kV ЕЛЕКТРИЧЕН ВОД**
- **БАКАРНИ И ОПТИЧКИ КАБЛИ**
- **КОМУНИКАЦИСКИ КАНАЛ НА АЕК**
- **ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ НА А1**

ВЕКТОР 90 WWW.VEKTOR90.COM.MK

Планер:

ДПГИ "ВЕКТОР 90" Томе ДООЕЛ

Струмица ул."Ленинова" бр. 12 Тел/факс (034) 331 210 mail:info@vektor90.com.mk

НАСЛОВ НА ПЛАНОТ:	**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градба со намена Г4.1 - дистрибутивни центри со складишта на дел од КП бр. 544/1 КО Горно и Долно Оризари , општина Шуто Оризари**
НАРАЧАТЕЛ:	**ДУТ "Фреско Маркет"дооел Арачиново**
МЕСТО:	**КО Горно и Долно Оризари , општина Шуто Оризари**
ПОДРАЧЈЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ: **КП бр. 544/1 КО Горно и Долно Оризари , општина Шуто Оризари**	СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ: **ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Вектор 90 - Томе дооел
лиценца за изработка на урбанистички планови бр. 0033
ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР:
ВАСИЛ ТИМОВ д.и.а.
Овластување бр. 0.0582

СОРАБОТНИК:	Ива Влахова д.и.а.	ТЕХ. БРОЈ: **115-2909/2025**	РАЗМЕР: 1:500	Лист бр. 3
МЕСТО И ДАТУМ:	Струмица; Август, 2026			

ПЛАНЕРСКИ ДЕЛ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ПЛАНЕРСКИ ДЕЛ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

1. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ

Со Урбанистичкиот проект се врши дефинирање на границите на градежната парцела ГП1 и се задаваат услови за градба во границите на градежната парцела со утврдување на класа на намена, максимална површина за градба, развиена површина за градба, висина на венец како и паркирање во границите на градежна парцела.

Дефинирана е една градежна парцела (ГП1) која зафаќа дел од КП бр. 544/1 КО Горно и Долно Оризари, општина Шуто Оризари. во која се предвидува изградба на објект со намена Г4-1 – дистрибутивни центри со складишта.

Максималната висина на градбата е дефинирана на 12 м од кота на готов партер до кота на венец на кров, и катност приземје и кат (П+1) .

Со градежни линии дефинирана е површина за градење со растојанија од границите на градежната парцела детално котирани во графичките прилози.

Со цел да се обезбедни флексибилност при реализацијата на планот, површината за градење е предвидена со поголеми димензии од моменталните потреби на Нарачателот.

Во графичките прилози детално се котирани растојанијата од површината за градење до регулационата линија и границите со соседните парцели. Јужната градежна линија ориентирана кон автопатот А2 - северна скопска обиколница“, се утврдува на растојание од 47 м. од патот, и е повлечена од дефинираната граница на заштитен појас на пат од 42 м утврдена со ГУП на град Скопје.

За обезбедување квалитетен сообраќаен пристап во градежната парцела, се предвидува проширување на постоечкиот асфалтен локален пат на северната граница од опфтатот до постоечкиот ограден ѕид на парцелата кој е изграден со позиција повлечена во однос на катастарската граница. Со таквото решение локалниот пат добива ширина од 6,0 м. Тој дел од проектниот опфат, надвор од површината на градежната парцела се дефинира со намена Е1.1 – Сообраќајна патна инфраструктура.

Потребниот број на паркинг места се дефинира според член 134 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26). во зависност од конкретната намена на градбата бројот и структурата на вработени, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата за потребите на основната намена на градбата да се обезбедат во рамки на градежната парцела,

Предвидениот број на вработени во објектот изнесува 24 лица.

Предвидени се по 1 паркинг место на 3 вработени лица и 4 паркинг места за посетители, или вкупно 12 паркинг места.

Приклучоците на инфраструктурната мрежа се дефинираат врз основа на условите зададени од надлежните комунални фирми.

Со деталните услови за градење дефинирани се максималните вредности на урбанистичките параметри кои важат за предметната градежна парцела.

Нумеричките показатели од приложеното урбанистичко решение на проектниот опфат се со помали вредности од максимално утврдените со овој Урбанистички Проект.

3.1.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА

3,1 Регулациона линија

Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба. Во графичките прилози означена е регулационата линија, со детално котирање на растојанијата до градежните линии. Во конкретниот случај регулационата линија кон југ , запад и север се совпаѓа со границата на градежната парцела.

3.2 Градежна парцела , Градежна линија и површина за градење

Дефинирана е една градежна парцела со површина 6013,72 м^2.

За ГП 1 со градежните линии се дефинира површина за градење во рамките на која влегуваат површините на планираната градба и евентуални идни градби според потребите на Инвеститорот.

Растојанијата на градежните линии кон границите на градежната парцела се детално котирани во графичките прилози. При дефинирањето на јужната градежна линија ориентирана кон автопатот, таа се утврдува на растојание од 47 м. од автопатот, и е повлечена за 5,0 м. кон внатрешноста на парцелата во однос на границата на заштитниот појас.

Дефинирана е површина за градење во рамки на која треба да се смести идната планирана градба. За обезбедување флексибилност на планот , дефинирана е поголема површина за градење од приложените габаритни димензии на планираната градба со идејниот проект, со кое се создаваат услови за евентуални корекции на проектната документација во фазата на изработка на Основен проект.

3.3 Наменска употреба на земјиште

Со урбанистичкиот проект за ГП1 се утврдува поединечна класа на намени Г4.1 – дистрибутивни центри со складишта.

3.4 Височина на градбата

Максимална височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија.

Максималната висина од кота на готов партер до кота на венец на кров е утврдена на 12,0м и катност приземје и еден кат П+1.

3.5 Кота на приземна плоча

Котата на нулта плоча на приземјето се дефинира со основниот проект според условите на теренот и потребите на градбата, со почитување на одредбата за максимална висина на градбата од претходната точка.

Имајќи во предвид дек теренот е во благ пад, котата на нулта плоча се движи од 0,15 до 1,2 м. во однос на котата на готов партер.

3.6 Процент на изграденост

Процентот на изграденост на земјиштето (П) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Истиот се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градба и вкупната површина на градежното земјиште изразен во процент.

3.7 Коефициент на искористеност

Коефициентот на искористеност на земјиштето (К) е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови под градбата и вкупната површина на градежното земјиште.

3.8 Внатрешен Сообраќај и начин на обезбедување на потребен број паркинг места

Од сообраќаен аспект, влез за парцелата е предвиден од постоечкиот локален асфалтиран пат на север.

Потребниот број на паркинг места се дефинира според член 134 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26). во зависност од конкретната намена на градбата бројот и структурата на вработени, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата за потребите на основната намена на градбата да се обезбедат во рамки на градежната парцела,

Предвидениот број на вработени во објектот изнесува 24 лица.

Предвидени се по 1 паркинг место на 3 вработени лица и 4 паркинг места за посетители, или вкупно 12 паркинг места.

3.9 Нивелмански план

Котата на приземјата на планираните градби, како и пристапот и партерното уредување на парцелата да се усогласат со нивелетата на пристапниот пат и условите на теренот во зависност од специфичноста на намената и потребите на Инвеститорот.

3.10 Партерно решение со хортикултура

Внатрешните пешачки и сообраќајни површини се предвидува да се обработат со посипување со поплочување со бетонски павер елементи.

Слободниот простор да се затревни и посади со ниско и високо зеленило усогласено со потребите на намената на просторот.

Минимален процент на озеленетост е 20% од површината на на парцелата.

3.11.Водови и инсталации на инфраструктурите

3.11.1 Водовод

Во отсуство на постоечка водоводна мрежа до границите на проектниот опфат, потребните количини на санитарна и противпожарна вода ќе се задоволат од сопствен бунар во рамките на градежната парцела.

3.11.2 Фекална и Атмосферска канализација

Во непосредна близина на проектниот опфат не постои фекална и атмосферска канализациона мрежа.

Одведувањето на фекалните води ќе се врши во водонепропусна фекална јама во рамките на градежната парцела, без одвод и прелив за избегнување на опасноста од загадување на подземните води. Чистењето на јамата ќе се врши со автоцистерни по потреба.

Атмосферските отпадни води ќе се одведуваат со пад на поплочените партерни површини кон површините предвидени за зеленило во рамки на градежната парцела, како и со упивателни бунари за атмосферски отпадни води во рамки на парцелата по потреба.

Димензионирањето на внатрешната канализациона мрежа ќе се изврши со Основните проекти за градбата..

3.11.3 Електро-енергетски и ТТ приклучок

Според податоците добиени од ЕВН покрај постоечкиот асфалтиран пат на север минува 10(20) кV подземен електричен вод, за кој се предвидува заштитен појас од 1м од двете страни на водот. На тој дел од парцелата веќе е изграден ограден sид кој е повлечен кон внатрешноста на катастарската парцела и е изграден надвор од заштитниот појас на кабелот.

Според податоците добиени од АЕК Скопје и Македонски Телеком постои изведена подземна кабловска комуникациска мрежа од оптички и бакарни кабли.

Трасите на постоечката кабловска мрежа се прикажани во графичките прилози и со предметниот Урбанистички проект не се планира нивна дислокација .Планираната површина за градење е надвор од трасите на постоечките кабли како и надвор од нивниот заштитен појас.

Од приложената ситуација на телекомуникационите кабли се гледа дека нивната траса делумно се поклопува и делумно ги сече границите на катастарската парцела.Имајќи го тоа во предвид, при идната постапка за оградување на дефинираната градежна парцела задолжително е претходна согласност од Телеком, како и присуство на негови претставници во фазата на изградба на оградата, како би се спречиле евентуални оштетувања на постоечката кабловска инсталација.

Приклучокот на електричната мрежа ќе се изврши врз основа на условите кои ќе бидат зададени од надлежното електростопанско претпријатие.

Приклучок на телекомуникациска инфраструктура во иднина ќе се изврши врз основа на условите кои ќе бидат издадени од надлежното претпријатие.

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

Со деталните услови за градење дефинирани се максималните вредности на урбанистичките параметри кои важат за предметната градежна парцела.

ГП1

Класа на намена: Г4.3 – Дистрибутивни центри со складишта
Површина на градежна парцела: 6013,72 m^2
Површина за градба: 2000 m^2
Вкупна површина по катови: 3000 m^2
Катност: Приземје и кат (П+1)
Максимална висина до завршен венец од кота на улица: 12м
Максимален Процент на изграденост (%): 33,26%
Максимален Коефициент на искористеност: 0,50
Минимален процент на зеленило (%): 20%

Предвиден број на паркинг места: Потребниот број на паркинг места се дефинира според член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

Во конкретниот случај предвидени се 12 паркинг места за автомобили.

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

5.1 Заштита на животна средина

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

Сите слободни површини од парцелата хорикултурно да се уредат со зеленило, а големината и видот на зеленилото да се дефинираат на ниво на Основен проект.

Прашањето на одвоз на отпад да се реши во договор со надлежните институции за собирање на отпадот за осигуран континуиран одвоз.

Во смисол на заштита на подземните води неопходна е изведба на непропусна канализација за одведување на отпадните води.

Одведувањето на фекални отпадни води ќе се врши во водонепропусна фекална јама без одвод и прелив која ќе се празни со автоцистерни по потреба, и не постои опасност од загадување на подземните води.

5.2 Мерки за заштита и спасување

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејствија и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

5.2.1. Заштита од природни и технолошки хаварии

Врз основа на загрозеноста на регионот на Скопје од природни катастрофи, елементарни непогоди и технички хаварии, може да настане повредливост на просторот на локалитетот и неговите физички структури. Повредливоста на просторот се одразува на објектите и нивната околина.

5.2.2. Мерки за заштита од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирањето на просторот. Според постојните анализи и добиените резултати за сеизмичност на месното подрачје според очекуваните дејности на земјотреси во иднина, основен степен на сеизмички итензитет во подрачјето изнесува 8^o по МЦС.

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, планираното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила
- непречена интервенција
- штетите да се сведат на минимум
- брза санација на последиците.

Пристапот и организацијата на планираната градба во рамки на градежната парцела обезбедуваат услови за несметана евакуација, без создавање "тесни грла" од евентуални урнатини.

5.2.3. Мерки за заштита од пожар, експлозии и опасни материи

Предвидената градежна парцела е ориентирана кон постоечки асфалтен локален пат од кој е обезбеден несметан пристап на противпожарни возила. Не постојат градби на соседните парцели и не постои опасност од ширење пожар помеѓу планираните и соседни градби.

Организацијата на парцелата овозможува услови за маневрирање на ПП возило во рамките на парцелата.

Во отсуство на постоечка водоводна мрежа до границите на проектниот опфат, потребните количини на санитарна и противпожарна вода ќе се задоволат од сопствен бунар во рамките на градежната парцела.

Сите останати мерки за заштита од пожар се предмет на работа на Основниот проект за градбата.

5.2.4. Мерки за заштита од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на вода од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

При изработката на проектните документации за изградба на објектите да се предвидат потребните технички мерки за заштита од поплави како што се :

Партерно уредување на парцелата кое ќе оневозможи создавање на текови на атмосферски води кои би го оштетиле теренот низ парцелата, како и оградување на парцелата кое ќе ја исклучи можноста од продор на атмосферски и поројни води од околината во рамки на парцелата.

5.2.5. Мерки за заштита од Бучава

Градежната парцела се наоѓа надвор од населено место и не постојат градби во нејзината непосредна околина.

Намената на градбата е стовариште кое со функционирањето не создава бука над дозволените граници и од наведените причини не е согледана потреба од планирање посебни мерки за заштита од бучава.

5.3 Заштита на културно наследство

Според добиените податоци од Управата за заштита на културно наследство при Министерството за култура на Р.М. во рамки на проектниот опфат не е евидентирано културно наследство.

До колку во текот на изведувањето на градежни работи на локацијата се дојде до археолошко наоѓалиште односно предмети од археолошко значење, ќе се постапува според чл. 65 од Законот за културното наследство (Сл. весник на РМ бр.20/04, 115/07, 18/11,148/11,

23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16),односно веднаш да се сопре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл. 129 од Законот.

5.4 Обезбедување пристапност за лица со инвалидност

За обезбедување услови за движење на лица со инвалидност важат одредбите од чл.75-79 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 222/15, 228/15, 32/16, 35/16, 99/16, 134/16,33/17).

6.НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Табела 1: *Нумерички показатели*


НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ										
Број на ГРАДЕЖНА Парцела (ГП)	**Група на класа на намена**	**Основна класа на намена**	**Површина на парцела (m^2)**	**Изградена површина во приземје (m^2)**	**Вкупна изградена површина на сите катови (m^2)**	**Катност**	**Максимална висина до венец на кров**	**Процент на изграденост (%)**	**Коефициент на искористеност (К)**	**Паркинг**
ГП1	**Г**	**Г4.1 - дистриб.центри со складишта**	**6013.72**	**2000**	**3000**	**П+1**	**12m**	**33.26**	**0.50**	**според чл. 134 од Правилник за Урб. планирање**

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ:

- ПОВРШИНА НА ОПФАТ: **6123.95 m^2**
- ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА: **6013.72 m^2**
- ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ: **2000 m^2**
- ВКУПНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА: **3000 m^2**
- БРОЈ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ: **1**

Планер,
Васил Тимов д.и.а.

ГРАФИЧКИ ДЕЛ



ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА
- ГП1 БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- РЛ РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГГП ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГЛ ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

- АСФАЛТИРАН ПАТ
- АВТОПАТ
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ПАТ, СПОРЕД ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ


КЛАСА НА НАМЕНА

- Г4.1 - дистрибутивни центри со складишта

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

